**Општина Охрид**
**Градоначалник**

Градоначалник

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид

Тел. (046) 262-469
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник Р.М. “ бр. 5/02) и член 34 од Статутот Општина Охрид (,,Службен гласник на Општина Охрид “ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 15/20), а во врска со член 22 од Законот за младинско учество и младински политики (Сл. Весник на РМ 10/20), Правилникот за стандарди за квалитет младински центри бр. 12-923/1 од 07.04.2021 година, донесен од Агенцијата за млади и спорт, Одлука бр. 08-7251/10 од 22.07.2021 година за одстапување на времено користење простор и спроведување на постапка за формирање на Младински центар – Охрид, Одлука за изменување и доплнување за одстапување на времено користење простор и спроведување на постапка за формирање на Младински центар – Охрид бр.08-1172814 од 24.11.2021 година донесена од страна на Советот на општина Охрид, член 7 став 5 од Правилникот за начинот, критериумите и постапката за избор на младинска организација која ќе раководи со Младинскиот центар Охрид бр.09 – 1880/1 од 11.02.2025 година, Јавниот повик за избор на младинска организација или организација на млади која ќе раководи со младинскиот центар Охрид бр.09 – 1880/3 од 11.02.2025 година како и Записникот со предлог од Комисијата за разгледување и одлучување по пристигнатите пријави бр. 09 – 1880/4 од 05.03.2025 година Градоначалникот на Општина Охрид го донесе следното :

**РЕШЕНЕИЕ**

1. Коалицијата на младински организации СЕГА – Прилеп **СЕ ИЗБИРА** согласно јавниот повик за избор на младинска оргнизација која ќе раководи со Младинскиот центар Охрид;
2. Со избраната младинска организација ќе биде склучен Договор во кој детално ќе бидат наведени нејзините обврски како и обврските на Општина Охрид по однос на раководењето со Младинскиот центар Охрид. Составен дел од договорот ќе биде годишната програма за работа на Младинскиот центар Охрид за 2025 година, поднесена во документација за јавниот повик.

Образложение

Градоначалникот на општина Охрид распиша јавен повик за избор на младинска организација која ќе раководи со Младинскиот центар – Охрид број 09 – 1880/3 од 11.02.2025 година. За потребите на јавниот повик донесе правилник за начинот, постапката и критериумите за избор на младинска организација која ќе раководи со Младинскиот центар Охрид број 09 – 1880/1 од 11.02.2025 година и формира комисија за отварање, разгледување и одлучување по пристигнати пријави на јавниот повик за избор на младинска организација која ќе раководи со Младинскиот центар – Охрид формирана со решение број 09 – 1880/2 од 11.02.2025 година. Комисијата на ден 05.03.2025 година во просториите на општина Охрид, во полн состав оддржа состанок, состави записник бр. 09 – 1880/4 од 05.03.2025 година и до Градоначалникот достави предлог за избор на младинска организација која ќе раководи со Младинскиот центар Охрид од 01.04.2025 година.

Градоначалник

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид

Тел. (046) 262-469
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

Согласно предлогот, Градоначалникот на општина Охрид донесе одлука како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Против ова решение е дозволена жалба во рок од 8 дена од денот на известувањето за извршен избор. Жалбата се доставува до Градоначалникот на општина Охрид.

**Општина Охрид**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков**